РЕПЛЕК АД Скопје

Д Е Л О В Н И К

ЗА РАБОТА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР

Скопје, 2025 година

Согласно Статутот на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје, Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД на својата седница одржана на ден 11.03.2025 година, донесе

Д Е Л О В Н И К
ЗА РАБОТА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА РЕПЛЕК АД Скопје

Општи одредби

Член 1

Со овој деловник се уредува начинот на работа, надлежноста, подготвувањето, свикувањето, одржувањето и одлучувањето на состаноците на Надзорниот одбор, формирањето на Комисии, како и други прашања кои се однесуваат на работењето на Надзорниот дбор на РЕПЛЕК АД Скопје (во натамошниот текст: Друштвото).

Состав на Надзорниот одбор

Член 2

Надзорниот одбор се состои од 5-пет членови именувани од страна на Собранието на акционери со мандат утврден во согласност со Статутот на друштвото.
Еден од членовите е независен. За независен член се смета лице кое ги исполнува критериумите утврдени со закон.

Член 3

Членовите на Надзорниот одбор освен тоа што задолжително треба да ги исполнуваат минимум законските услови за нивно именување, истовремено мора да се доверливи и да поседуваат знаење, способност и стручност, потребни за правилно извршување на нивната функција.

Член 4

Надзорниот одбор или Комисијата за избор и именување најмалку еднаш годишно го разгледува составот на одборот од аспект на знаење, квалификации, вештини и искуство кое членовите поединечно и заедно ги поседуваат.

Начин на работа на Надзорниот одбор

Претседател на Надзорниот одбор

Член 5

Надзорниот одбор од редот на своите членови избира Претседател на Надзорниот одбор.
Седницата на која се врши изборот ја води членот со најдолг стаж или претходниот претседател.
Претседателот се избира со просто мнозинство гласови.

Член 6

Претседателот на Надзорниот одбор има важна улога во правилното функционирање на Надзорниот одбор. Ја координира работата на одборот, ги закажаува и претседава со седниците, се грижи на членовите да имаат доволно време за дискусија на седниците пред да донеста одлука, иницира постапка за оцена на работата на Надзорниот одбор, ги потпишува менаџерските договори со членовите на Управниот одбор и врши други должности утврдени со закон.

Седници на Надзорниот одбор

Член 7

Надзорниот одбор работи и одлучува на седници.
Седниците ги свикува Претседателот на Надзорниот одбор со испраќање на писмено известување заедно со Дневниот ред и предложените материјали, до сите членови на надзорниот одбор.

Член 8

На седницата на Надзорниот одбор се дискутира за точките кои се вклучени во Дневниот ред. Прашања или предлози кои не се вклучени во Дневниот ред може да се дискутираат и усвојат на седницата, доколку никој од членовите на Надзорниот одбор нема против и/или приговор.

Член 9

Надзорниот одбор во текот на годината задолжително одржува најмалку 4-четри редовни состаноци и тоа на секои три месеци (на секој квартал), при што еден од нив се одржува во рок од 1-еден месец пред одржувањето на Годишното собрание.
Покрај редовните состаноци, Надзорниот одбор може да одржува и други состаноци ако тоа го налага извршувањето на работите во рамките на неговите надлежности.

Член 10

Членовите на Надзорниот одбор може да учествуваат и да одлучуваат на седница организирана со користење на конференциска, телефонска или друга аудио или визуелна комуникациска опрема, со тоа што сите лица кои учествуваат да можат да се слушаат, да се гледаат и да разговараат еден со друг.
Учеството на ваквите седници се смета за присуство и лично учество на членовите на одборот.

Член 11

На седницата на Надзорниот одбор на барање на членовите на Надзорниот одбор може да учествуваат и членови на Управниот одбор, освен ако Претседателот побара седницата да се одржи само со присуство на членовите на Надзорниот одбор.

Начин на гласање
(кворум) и донесување одлуки

Член 12

Седницата на Надзорниот одбор се одржува и се донесуваат полноважни одлуки доколку на истата се присутни повеќе од половината од вкупниот број на членови на Надзорниот одбор.

По правило одлучите се донесуваат со просто мнозинство од 50%+1 од присутните членови.
Одредените одлуки согласно Статутот и ЗТД се донесуваат со квалификувано мнозинство.

Член 13

Претседателот на Надзорниот одбор утврдува дали на седницата постои кворум за работа и полноважно одлучување, односно констатира дали и кои членови на одборот се отсутни.
Констатирањето на кворумот од став 1 на овој член се применува и при седници кои се одржуваат по пат на конференциска телефонска врска и/или користење на друга аудио визуелна комуникациска опрема.

Член 14

Надзорниот одбор одлучува ако мнозинството на негови членови го прифаќаат предлогот. (просто мнозинство)
Гласот на Претседателот на Надзорниот одбор е одлучувачки во случај на поделба на гласовите.
Доколку за посебни точки од Дневниот ред се изразени различни мислења во Надзорниот одбор, Записникот ги одразува различните мислења.

Записник

Член 15

За седниците на Надзорниот одбор се води Записник.
Записникот го води Нотар.
По исклучок доколку нема можност да го води Нотар, во тој случај се води записник со записничар од друштвото.
Записникот се изготвува во 3-рок од три дена од одржаниот состанок на одборот.
Во Записникот се наведуваат информации за времето, местото и датумот на одржувањето на седницата, членовите на Надзорниот одбор и други лица кои присуствувале на седницата, точките на Дневниот ред, важните дискусии и усвоените одлуки, резултатите од гласањето вклучувајки ги имињата на членовите кои гласале ЗА и ПРОТИВ.
Во Записникот задолжително се забележува секој пријавен судир на интереси.
Записникот го потпишува Претседателот на Надзорниот одбор кога го води Нотар.
Записникот го потпишуваат сите членови на Надзорниот одбор кои биле присутни на седницата кога не го води Нотар.
Одлуките донесени на седниците на Надзорниот одбор технички ги изготвуваат службите на друштвото.

Формирање комисии

Член 16

Надзорниот одбор со Одлука формира комисии кои му помагаат во извршувањето на неговите задачи.
Надзорниот одбор донесува правила за работа на секоја комисија во кои се наведува составот и начинот на кој комисијата ги извршува своите задачи и функции.

Член 17

Секоја комисија има најмалку 3-три членови, од кои најмалку 1/3 - една третина се независни.

Мнозинството членови на секоја комисија го сочинуваат членови на Надзорниот одбор.

Завршни одредби

Член 18

Примената на овој деловник ја следи Претседателот, а во негово отсуство или спреченост Претседателот назначува негов заменик кој со мнозинство гласови од присутните членови на Надзорниот одбор се потврдува.

Член 19

Овој Деловник влгува во сила со денот на донесувањето од страна на Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје.

НАДЗОРЕН ОДБОР
Претседател,
Антонио Георгиевски